# НАОД И МИСЛЕЊЕ
# KONSTATIM DHE MENDIM

| **НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕ/POROSITĔS I EKSPERTIZĔS** | |
| --- | --- |
| Основно Јавно Обвинителство-Скопје | |
| Судски или Основно Јавно Обвинителство број/Numri i giykatës ose i Prokurorisë Publike<br><br>XXXXX | Број на барање/Numri I kërkesës: |
| Датум на вештачење/Data e ekspertizës<br>Септември 2024 | Датум на завршување/ Data e përfundimit |
| | |
| | |

Управител:

________________________________

Врз основа на поднесено барање за вештачење на Јавниот Обвинител XXXXX х при Основното Јавно Обвинителство – Скопје до XXXXX да се изврши вештачење по предметот XXXXX, а по Наредба од 30.09.2024 година, преку вештото лице XX х, се дава следниов наод:

# НАОД

**I. Општи одредби**

Основното Јавно Обвинителство во Скопје постапувајќи по кривична пријава против **XX ,с.XXул.6.бр.43-Скопје** за кривично дело "кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас " од член 235-а ст.1 од КЗ, врз основа на член 39 ст.2 и член 236 ст.3 в.в со ст.1 и ст.5 од ЗКП донесе Наредба за вештачење за неовластено превземање на електрична енергија.
Со Наредбата за спроведување на вештачење по предметот XXXXX се бара врз основ на увид во списите во предметот да се утврдат следните околности:

- На кој начин е сторено неовластеното користење на електрична енергија и колку точно kWh електрична енергија се одземени од оштетеното ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, дали електричното броило е во функција,

-Да се утврди времето на извршување на делото согласно списите и кога е извршена последна редовна контрола на адреса на осомничениот.

## II. Фактичка состојба

Приложената документација која ми беше доставена на увид се состои од следниве документи:

-Кривична пријава поднесена од СВР ЕВР –Гази Баба до ОЈО Скопје со бр xxxxx2 од 19.02.2024 година против XX од с.XX, -Скопје каде се чита:
**„На ден 05.05.2023 година од страна на екипа на ЕВН излезено на лице место при што однивна страна е утврдено дека на едно место со бр.0000247458 без броило на ул.6 број 43 во с.XX е извршено неовластено превземање на електрична енергија пред мерна опрема броило,поврзано на три фази со што корисникот превземал неригистрирана количина на електрична енергија и причинил матеијална штета во износ од ххденари,,.**
- Записник за утврдување на неовластено превземање на електрична енергија од 05.05.2023 година каде се даваат податоци за корисникот и податоци за параметри на мерно место и кабелот кој се поврзува внатрешниот приклучок
-Пресек на кабел: **4 x 16 mm$^2$** Ал.
-Номинална струја а главни осигурувачи :50
-Број на манипулирани фази :3 при што се забележува:
,,**Директно врзан со 4 x 16 mmAl**,,

-Работен Налог со број.032937 во кој се опишуваат работните активности од 05.05.2023 година

-Пресметка за надомест на штета настаната како резултат на неовластено превземање на електрична енергија бр. 80000060188-0 со датум 23.11.2023 година за период од 05.06.2022 година до 05.05.2023 година изготвено од ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со вредност ххденари на име XX за број на корисник 101841949.

-Фотодокументација во колор формат со добар квалитет изготвена од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Според сите приложените податоци од страна од ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, при техничката контрола кај XX од с.XX, -Скопје, на ден 05.05.2023 година електромонтерите на Електродистрибуција XX констатирале дека кај осомничениот е најдено неовластено користење на електрична енергија на начин што неговиот станбен објект директно го поврзал на ниска напонската мрежа на оштетениот без употреба на електрично броило изманипулирајќи три фази при што не се евидентирало потрошената количина електрична енергија во ниту еден валиден и регистриран мерен уред.

Нема податоци за инсталирано електричното броило во објектот на осомниченото лице.

Размножување на извештајот освен во целост не е дозволено.

На основ на Записникот за утврдување на неовластено превземање на електрична енергија пресекот на доводниот кабел е **4 x 16 mm²** алуминиум при што бројот на манипулирани фази е три.
Според Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје , **XX** од с.XXСкопје согласно чл.168 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија ((**Службен весник на РМ, бр. 191 од 17.9.2019 година**) ), неовластено користел електрична енергија од дистрибутивната електрична мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и според нив направил материјална штета за неовластено превземена електрична енергија во вкупен износ од ххденари .

На основ на утврдената состојба според приложените списи од предметот, по барање од Наредбата по предмет бр. **XXXXX** на Јавниот обвинител **XXXXX** при Основното Јавно Обвинителство - Скопје, како вешто лице го давам следното мислење:

# III. МИСЛЕЊЕ

Согласно **чл.165** од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Сл. Весник на РМ бр.191/19) под неовластено користење на електрична енергија се подразбираат следните случаи:

**Член 165**
**Неовластено преземање на електрична енергија**

Под неовластено преземање на електричната енергија се подразбираат следните случаи:

1) доколку е извршено приклучување на објект на дистрибутивната мрежа, без Решение за согласност за приклучување издадено од ОДС;
2) по исклучување од дистрибутивната мрежа од страна на ОДС, извршено е повторно самоволно приклучување на дистрибутивната мрежа;
3) доколку е извршена манипулација или оштетување на мерниот уред при што се презема делумно или во целост нерегистрирана количина на електрична енергија;
4) доколку се презема нерегистрирана количина на електрична енергија без мерна опрема;
5) доколку е извршено премостување на мерната опрема, при што се превзема делумно или во целост нерегистрирана количина на електрична енергија;
6) доколку е вграден мерен уред или мерна опрема која не е одобрена и/или вградена од ОДС;
7) доколку се презема електрична енергија преку оштетена мерна опрема и/или заштитната пломба е отстранета и е оневозможено правилно регистрирање на превземената количина на електрична енергија.

Во конкретниот случај имаме превземање на нерегистирана количина на електрична енергија без мерна опрема.
Согласно приложените фотографии и записници во списите од предметот кај XX од с.XX- Скопје е најдено неовластено користење на електрична енергија на начин што ,според надлежните лица на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, со посретство на проводник со напречен пресек 4x**16 mm²** на ден 05.05.2023 година е откриено дека осомничениот извршил директно поврзување на неговиот станбен објект на трите фази од НН мрежа пред броило овозможувајќи при тоа неовластено превземање на нерегистрирана количина на електрична енергија.
Што се однесува до пресметката за неовластено превземената електрична енергија и нејзината вредност, како вешто лице ја давам следната пресметка:
**Неовластено превземената електрична енергија** на потрошувачите приклучени на нисконапонска мрежа, а кога се приклучени повеќе потрошувачи на една трансформаторска станица СН/НН согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (чл.168 Сл.весник 191/19) се пресметува како производ од:

1) Пресметковната максимална моќност, утврдена во зависност од номиналната струја на вод или осигурувачи согласно Табела 1:
2) Пресметковно време за пресметка на потрошена електрична енергија согласно Табела 1.
3) Периодот на пресметка од Табела 1.

Размножување на извештајот освен во целост не е дозволено.

| *Номинална струја на осигурувач или на приклучен вод* | *Номинална моќност на трифазен систем* | *Пресметковна максимална моќност* | *Просечно дневно пресметковно време* | *Период на пресметка* | *Потрошена електрична енергија* |
|---|---|---|---|---|---|
| $I_n$ (A) | P (kW) | P (kW) | h/денови | денови | kWh/годишно |
| | | | | | |
| 10 | 6,9 | 4 | 2,5 | 365 | 3650 |
| 16 | 11,1 | 6 | 2,5 | 365 | 5475 |
| 20 | 13,9 | 7 | 2,5 | 365 | 6388 |
| 25 | 17,3 | 8 | 2,5 | 365 | 7300 |
| 32 | 22,2 | 12 | 2,5 | 365 | 10950 |
| **40** | **27,7** | **16** | **2,5** | **365** | **14600** |
| ***50*** | ***34,6*** | ***24*** | ***2,5*** | ***365*** | ***21900*** |
| 60 | 41,6 | 29 | 2,5 | 365 | 26119 |
| 63 | 43,6 | 30 | 2,5 | 365 | 27375 |
| 80 | 55,4 | 39 | 5 | 365 | 71175 |
| 100 | 69,3 | 49 | 5 | 365 | 89425 |
| 125 | 86,6 | 61 | 5 | 365 | 111325 |
| 160 | 110,9 | 78 | 5 | 365 | 141600 |
| 200 | 138,6 | 97 | 5 | 365 | 177025 |
| 250 | 173,2 | 121 | 5 | 365 | 220825 |
| 260 | 180,1 | 126 | 5 | 365 | 229950 |
| 315 | 218,2 | 153 | 5 | 365 | 279225 |
| 400 | 277,1 | 194 | 5 | 365 | 354050 |
| 500 | 346,4 | 242 | 5 | 365 | 441650 |
| 630 | 436,5 | 306 | 5 | 365 | 558450 |

*Табела 1*

За месец во кој е утврдено неовластено превземање на електрична енергија, се пресметува надоместок на штета за превземена електрична енергија **за целиот месец (чл.168 ст.4, Сл.весник 191/19).**

Според чл.168 ст.1 на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Сл.весник 191/19) максималниот период за **пресметка на неовластено превземената електрична енергија е 365 дена наназад од денот на утврдување на неовластеното превземање на електрична енергија**. Согласно став 2 од истиот член периодот за пресметка може да биде и пократок од 365 дена :

1) Доколку моментот на настанување на неовластеното користење може да се утврди ако дигиталното броило има можност за регистрирање на времето на настанување на неовластеното превземање на електрична енергија.
2) **Се земе датумот од документацијата на ОДС за последна извршена контрола на мерното место и приклучокот (отчитување на мерниот уред не се смета како контрола на мерното место и приклучокот).**
3) Се земе датумот од документацијата на ОДС за замена, одјава и пријава на мерниот уред.
4) Последно востановено неовластено користење на електрична енергија.

Неовластеното превземање на електричната енергија е направено преку кабел со пресек 4x16 mm2 со алуминиумски проводници чија трајно дозволена струја на оптеретување изнесува 50 ампери па

Размножување на извештајот освен во целост не е дозволено.

пресметката ќе биде според оваа струја бидејќи тоа е максималната струја која може да ја издржи овој тип на кабел.

Согласно Табела 1, пресметката за неовластено користење на електрична енергија кај овој корисник изнесува 21900 kWh електрична енергија годишно.

Периодот на неовластеното превземање електрична енергија ќе биде согласно документацијата на ОДС (оператор за дистрибуција со електрична енергија ) а тоа е од 05.06.2022 година до 05.05.2023 година
Цената на 1 kWh електрична енергија за дадениот период изнесува 7,5169 денари.
Вредноста во денари на неовластеното превземање на електрична енергија кај тужениот за период од 05.06.2022 година до 05.05.2023 година (времетраење од 12 месеци ) изнесува:

**= 21900** kWh ***** 7,5169 денари =**164.620,00 денари.**

Вкупната вредност во денари на неовластено превземената електрична енергија согласно **Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија** кај осомничениот XX од с.XX,-Скопје за период од 05.06.2022 до 05.05.2023 година изнесува : = 164.620,00 денари**.**

Како вешто лице ќе направам и пресметка за реално очекуваната потрошувачка на електрична енергија за просечно домаќинство во РСМ кое користи греалка или клима уред за греење и стандардни други електрични уреди за период од 12 месеци.

| Потрошувач | Инсталирана Моќност (kW) | Просечно дневно користење (h) | **Просечна дневна потрошувачка (kWh)** |
|---|---|---|---|
| Електричен шпорет | 2 | 2 | 4,0 |
| Фрижидер | 0,1 | 24 | 2.4 |
| Бојлер 80 литри | 2 | 2дена/2 часа = 1 | 2.0 |
| Телевизор | 0,3 | 5 | 1,5 |
| Осветлување | 8 сиј.места = 0,2 | 0.2 x 8 | 1,6 |
| Машина за перење алишта | 2 | 4 дена/2часа = 0,5 | 1,0 |
| Бојлер 10 литри | 2 | 2дена/2 часа = 1 | 2.0 |
| Пегла, и сл | | | 0,4 |
| Загревање на просторија | 2,5 | 8 | 20 |
| **Вкупно** | | | **28,9** |

За месец дена просечната потрошувачка би изнесувало :30 x 28.9kWh=867 kWh
За период од 12 месеци имаме : 12 x 867 kWh =10404 kWh .
Вкупно реално очекувана превземена количина на електрична енергија низ изманипулираните три фази би изнесувало
= =10.404 kWh x 7.5169 денари=**78.205,00 денари**

Вешто лице:
XX

Размножување на извештајот освен во целост не е дозволено.

Размножување на извештајот освен во целост не е дозволено.